# Премиера на балетскиот проект од Шукарова

**Во својот трет балетски проект во Балетот при Македонскиот народен театар, „Четири годишни времиња", Искра Шукарова првпат прави спој на музичката класика, Вивалди, со современиот балетски израз**

Во Салонот на Македонскиот народен театар вечерва (19,30) премиерно ќе биде изведена балетската претстава "Четири годишни времиња", во кореографија и режија на Искра Шукарова, работена според музиката на Антонио Вивалди.

Ова е трет балетски проект што Шукарова го реализира во Балетот при МНТ. Во првиот, "Пастели" (1994 година), беше користена музиката на Мајк Олдфилд и "Енигма", а во вториот, "Инферно" (1995 г.), музиката на Алфред Шнитке.

- "Четири годишни времиња" е прв проект - современ балет работен на класична музика. Споени се музичката класика и современиот балетски израз, односно виртуозноста што ја поседува музичката форма од доцниот барок со кореографските решенија од актуелната, некласична балетска сцена. "Четирите годишни времиња" на Вивалди се првите четири концерти од вкупно дванаесет објавени во 1725 година од неговиот Опус 8, вели Шукарова.

Во кореографската концепција, која и овојпат останува на современиот балетски израз, се користат и елементи од неокласиката. Во кратката предлошка за проектот, Шукарова објаснува: "Натпреварот помеѓу хармонијата и инвенцијата, изостреното чувство за инструментален израз и музичка форма изразени во музиката на Антонио Вивалди, асоцираат на игра, на лесни движења, чекори препознатливи за годишните времиња. Балерините ја претставуваат атмосферата на четирите годишни времиња, а играчот го претставува спојот на човекот со природата, човекот - продукт на годишните времиња."

Искра Шукарова е родена во Скопје (1972) каде што завршила средно балетско училиште. Сега е солист во балетот при МНТ. Учествувала на многу балетски натпревари. Во 1993 година престојувала во Лион, каде што на Националниот конзерваториум специјализирала современ балет. Студиски престои остварила и во Брисел и Виена. Наскоро ќе замине на сличен престој во САД, во компанијата на Јошико Чума, позната по име на алтернативната сцена во Њујорк.

Со "Пастели" и "Инферно", Шукарова успешно настапи на фестивалите во Бугарија и СР Југославија. "Четирите годишни времиња" има покана за гостување во Грција.

Балетскиот состав го сочинуваат Билјана Пашариковска-Каленикова, Александра Мијалкова, Катерина Кипровска, Ирена Челебиќ, Тања Пастењицки, Маја Јовановска, Лиле Миленковска, Маја Митревска, Маја Симеонова, Наташа Јосифовска, Зејнепа Џафер, Искра Шукарова и Горан Божинов. Костимографијата е на Елена Дончева, сценографијата на Златко Танчев, а асистент на кореографијата е Ирена Лозинска.

**Ивана Иванова**




Вечер 29-10-96 стр 12